**20220810949**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 101 став (5) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19, 275/19 и 110/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 29 март 2022 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ВИДОТ НА АКТИВНОСТИ, МАКСИМАЛНИОТ ИЗНОС ПО АКТИВНОСТИ, КОРИСНИЦИТЕ, СУБЈЕКТИТЕ КОИ УЧЕСТВУВААТ ВО ПОСТАПКАТА, ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ И НАЧИНОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКАТА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Член 1

Во Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/19, 236/19, 53/21, 175/21, 257/21 и 67/22) во членот 4 став (1) во алинејата 1 зборовите: „утврдени согласно член 13 став (13) од оваа уредба“ се заменуваат со зборовите: „утврдени со програмата за финансиска поддршка на руралниот развој“.

Член 2

Во членот 11 во ставот (1) зборовите: „член 4 став (1),“ се бришат.

Ставот (4) се менува и гласи:

„Средствата од техничката поддршка од член 3 став (1) алинеја 2 и член 4 став (1) алинеја 1 на оваа уредба ќе се реализираат со договор склучен пред или по одржување на саемот помеѓу Министерството и организаторот на саемот и/или правното лице кое е овластено од организаторот за изработка на штандови и уредување и опремување на изложбен простор.“

Во ставот (5) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „по претходно доставено барање од страна на социјалните и економските партнери на Министерството.“.

Член 3

Во членот 12 во ставот (2) во точката 5 точката и запирката на крајот од реченицата се заменуваат со сврзникот „и“.

Во точката 6 запирката на крајот од реченицата се заменува со точка.

Точките 7 и 8 се бришат.

Член 4

Во членот 13 ставот (3) се брише.

Ставовите (4), (5), (6) и (7) стануваат ставови (3), (4), (5) и (6).

Во ставот (8) кој станува став (7) зборовите „, (6) и (7)“ се заменуваат со зборовите „и (6)“.

Ставовите (9), (10), (11) и (12) стануваат ставови (8), (9), (10) и (11).

Ставот (13) се брише.

Член 5

Во членот 14 во ставот (3) по зборовите: „членовите 3,“ се додава бројот „4“.

Ставот (5) се брише.

Член 6

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-2931/1
29 март 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.